РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-496/3
17-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29 – та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот со бр. 09-93/1 од 18.02.2025 година, оформен против службеното лице -------- , директор на ООУ „----------" -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, утврдено е прекршување на одредбите за судир на интереси и по спроведена постапка за порамнување согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците, констатирана е промена на фактичката состојба.

ДА СЕ ПОДНЕСЕ Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до Основното јавно обвинителство - ----------- за утврдување на одговорност на службеното лице ------------, директор на ООУ „----------------- за сторена повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

**Образложение**

Предметот со број 09-93/1 од 18.02.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи дека лицето ----------- директор на ООУ „----------- вработило свои блиски лица (снаа за син, прва братучедка, золва и сопруг на золвата) во наведеното училиште.

Заради утврдување на фактичката состојба, Државната комисија прибираше податоци и информациим за што се обрати до ООУ „-------------------.

Од страна на училиштето е доставена побараната документација и видно од неа е дека лицето ------------ (золва на директорката) е вработена во ООУ „------------- и истата работи како одделенски наставник во училиштето од 1 до 5 одделение и е вработена во училиштето од 2005 година со превземање од детска градинка ЈУДГ „ ----------. Истата била вработена во ЈУДГ „ ---------- од 2001 година и согласно Законот за основно образование и Укажување од МОН како воспитувал на група деца од подготвителна година заедно со децата била превеземна во училиштето во година. --------------- ја информира ДКСК дека како директор на ООУ „------------- била именувана на 10.09.2003 година две години после вработувањето на ---------------.

Видно од документацијата е дека лицето ----------- ( сопруг --------- золвата на директорката) по звање пензионер е именуван со Одлука бр. 09–130/59 од 30.09.2019 година за член на Училишниот одбор при ООУ „----------- од страна на Советот на оптшина --------- за 2019 година и истиот е разрешен со Решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор во ООУ „ -------------“ --------- бр. 09-15-21 од 31.01.2022 година.

Лицето ---------- од март 2024 е --------- ( снаа за син а директорката ) – вработена на определено работно време во ООУ „------------ од 2021 година. Првично е вработена со Договор за вработување на определено бр.04-486/2 од 01.09.2021 година на работно место наставник по математика за период од 02.09.2021 до 31.08.2022 година и истиот договор е потпишан од страна на директорката ------------. Понатаму, за учебната 2022/2023 година склучен е Договор за вработување на определено бр. 04-497/3 од 09.09.2022 година за период од 3 месеци почнувајки од 09.09.2022 година и Договор за вработување на определено бр.04-705/1 од 05.12.2022 година до 31.08.2023 годин и истиот е потпишан од страна на директорката ------------.

За учебната 2023/2024 година повторно е склучен Договор за вработување на определено бр. 04-453/1 од 01.09.2023 година за период од 3 месеци почнувајќи од 01.09.2023 година и Договор за вработување на определено бр. 04-717/1 за период од 21.12.2023 година до 31.08.2024 година потпишан од ------------. За период за учебната 2024/2025 склучен е Договор за вработување на определено бр. 04-593/1 од 25.12.2024 година за период од 26.12.2024 година до 31.08.2025 година за работно место библиотекар.

Во врска со вработување на прва братучедка на работно место хигиеничар од доставената документација од спроведениот оглас Договор за вработување на определено до 3 месеци има склучено лицето ---------- 04-553/3 од 25.09.2023 година со ------------ како директор на училиштето и Договор за вработување со ------------- бр. 04-40/2 од 15.01.2024 година на непределено од 16.01.2024 потпишан од -----------.

ДКСК до службеното лице ----------- доставо Барање податоци да достави Изјава заверена на нотар а во врска со лицата ------------ и ------------ дали се нејзини блиски лица согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ, и истата со допис достави Изјави во кои изјавува дека ------------ од 23.03.2024 година се омажила со нејзиниот син и е нејзнина снаа. А во врска со --------- вработена на раб место хигиеничарка е нејзина прва братучедка.

Во доставената документација службеното лице ---------- имаше доставено Решение за престанок на мандат на Директор на ООУ „ ------------. Бр. 08-140/2 од 07.02.2025 година по поднесена оставка од нејзина страна до Градоначалникот на оптшина ------------.

Горенаведените состојби се спротивни на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ број 12/2019), а казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето -------------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именуваната достави три записника за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на три прекршочни платни налози.

Во законски предвидениот рок, службеното лице -------------- до ДКСК достави доказ од три уплатници ПП50 бр.09-93/15,16 и 17 од 02.07.2025 година за извршена уплата на предвидената глоба.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

При проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот регистар во Историјатот на промени издадена од 04.08.2025 година како овластено лице директор во ООУ „--------------- е лицето --------------, додека лицето -------------- е разрешена со акт Решение од за престанок на мандат на Директор бр.08-140/2 од 07.02.2025 година.

По доставениот записник за констатиран прекршок и издадениот прекршочен платен налог за констатиран прекршок согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците, лицето ------------- изврши уплата на пропишаната глоба.

ДКСК до Државниот инспекторат за труд достави Барање за вршење на вондреден инспекциски надзор во ООУ „ -------------- над постапката за вработување на лице на работно место: Помошно – технички лица - хигиеничар со шифра ОБН 0401 А01 002. Од доставеното Известување по извршениот вондреден инспекциски надзор ИП1 бр. 3007-10/3 од 26.01.2026 година од страна на Државниот инспекторат за труд констатирано е следното:

- Јавниот оглас заведен под бр. 04-693/3 од 13.12.2023 година за прием на работници, за работнот место под реден број 13 е распишан без претходно обебедена финансиска согласнот што е спротивно на одредбите од член 20-б од Законот за вработени во јавен сектор,
- Јавниот оглас заведен под број 04-693/3 од 13.12.2023 година за прием на работници не ги содржи задолжителните и составни елементи што е спротивно на член 23 од Законот за работни односи и на Правилникот за задолжителите елементи на јавниот оглас за пополнување на работното место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор и
- При спроведувањето на огласната постапка за избор на кандидат за работното место под ред број 13 – Хигиеничар, работодавачот не ги применил важечките позитивни прописи, односно не ги применил одредбите од член 20-г и 20-д од Законот за вработени во јавен сектор и изборто го направил Директорот без претходно спроведена постапка на селекција и рангирање.

ДКСК согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ќе достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до Основното јавно обвинителство - ------ против лицето -------------, поранешен директор на ООУ ---------- поради прекршување на одредбите од ЗСКСИ кои го предвидуваат постапувањето и одлучувањето во состојба на судир на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно постапување, поради што на 29 – тата седница одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член на ДКСК